РАКОВОДСТВОТО НА СОНК ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА КУЛТУРА

По барање на раководството на СОНК, се оствари работна средба во Министерството за култура

По барање на раководството на СОНК, на ден 12 – 07-2017 година се оствари работна средба во Министерството за култура, на која од страна на СОНК присуствуваа претседателот на СОНК, Јаким Неделков и генералниот секретар, Весна Неделковска, додека од страна на Министерството за култура, министерот за култура , г-динот Роберт Алаѓозовски, шефот на кабинетот , г-динот Тодорче Тасевки и стручни соработници од ова министерство.
На работната средба, од страна на СОНК беа отворени повеќе прашања од синдикален аспект, а во интерес на правата од работен однос на членовите на СОНК од дејноста култура. Главен акцент во разговорите се стави на Колективниот договор за култура, кој веќе подолго време се подготвува и истиот, како законска процедура, веќе е поминат на Јавна расправа во членството на СОНК и сите забелешки, сугестии и мислења се вградија во конечниот текст на овој колективен договор.

Заедничка констатација на преставниците на СОНК и на министерството за култура беше дека единствена пречка за потпишување на Колективниот договор за култура е обезбедување на финансиски средства за реализација на договорените коефициенти за секое работно место, за што искрено сите се надеваме дека во наредниот период и овој проблем ќе се надмине.